Зад секоја успешна компанија стои силен тим. ФМС ДООЕЛ претставува млада компанија со просперитетен тим кој професионално пристапува и одговара на сите предизвици.
Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел – да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.
Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.
Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании – дојдете и придружете ни се уште денес!
ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

## ПРОЕКТЕН МЕНАЏЕР

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо техничко образование, предност имаат Архитекти и Градежни инженери.
- Искуство во работата најмалку 3 години (проектирање, надзор и изведба).
- Способност за координација на повеќе проекти истовремено.
- Познавање на Англиски јазик.
- Напредно познавање на работа со компјутери, задолжително познавање на ACad програм, работа во Microsoft Word, Excel и Power Point
- Возачка дозвола Б категорија.

**Опис на работата:**

- Одговорен за водење на проекти, изведба и надзор за објекти од различни категории. Предност кандидати со искусво во водење проекти за административно-деловни објекти и канцелариски простор.
- Одговорен за следење на сите работни активности поврзани со проектот, планирање, организирање, координација и контрола во сите фази на проектот. (архитектура, електрични инсталации, термотехника, водовод и канализација, ППЗ и БЗР)
- Водење деловна коресподенција, писмена комуникација и договарање со оперативни контакти.
- Водење евиденција во работни налози, составување градежен дневник и градежна книга.
- Буџетирање на проекти, изготвување трошковни калкулации и формирање на цени.
- Координација на состаноци и водење на записници од истите.
- Координација со останатите сектори во компанијата.
- Координација со тимот за техничко одржување
- Останати активности.

**Што нудиме:**

- мотивирачка атмосфера и плата по договор
- полно работно време од пон-пет
- колективно осигурување од несреќа
- можност за напредување во кариера

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) и мотивационо писмо на следната **email адреса: jobs@fms.com.mk**, со задолжителна назнака на апликацијата **ПРОЕКТЕН МЕНАЏЕР**

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Апликациите без назнака нема да бидат разгледани!